Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-602/3

Скопје 05.05 2023

**До**

**Предмет:** РЕШЕНИЕ **за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(“Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(“Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со повторно Барање од , со бр.16.1.2-602/1 од 20.04.2023 година, го донесе следното,

## РЕШЕНИЕ
### за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација

Во врска со Вашето повторно барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-602/1 од 20.04.2023 година, **по извршените проверки во надлежната организациска единица и согласно податоците со кои располага**, Ве известуваме за следното:

Во случај кој кога е случена сообраќајна незгода, за која учесниците во сообраќајната незгода не пополниле Европски извештај за сообраќајна незгода или за која не се пополнува Европски извештај за сообраќајна незгода, полициските службеници надлежни за вршење на увид на сообраќајни незгоди излегуваат на местото на настанот и вршат увид на случена сообраајна незгода.

Член 2 став 1 точка 139 од Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр. 169/15 со измени и дополнувања) гласи:

„Сообраќајна незгода" е настан на патот предизвикан како последица од непочитување на сообраќајните правила и прописи во кој учествувало најмалку


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

едно возило во движење и во кој најмалку едно лице е повредено, загинало или од последиците на таа сообраќајна незгода починало во рок од 30 дена или од истата е предизвикана материјална штета. За сообраќајна незгода не се смета настанот во кој мобилна машина, мотокултиватор, трактор или запрежно возило кое се движи по некатегоризиран пат или при вршење на работи во движење, слетало од некатегоризираниот пат или се превртело, односно удрило во некоја природна препрека, а притоа не учествува друго возило или пешак и кога со тој настан не му е предизвикана штета на друго лице;

Воедно, во вашето барање за пример е даден настан од членот 68 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Со дефиницијата на сообраќајната незгода, се бара за настанот да биде сообраќајна незгода, во настанот да учествувало најмалку едно возило во движење, што во овој случај го нема. Земајќи предвид дека во настан случен од членот 68 не учествувало најмалку едно возило во движење овој настан не се дефинира како сообраќајна незгода и полициските службеници надлежни за вршење увид на случена сообраќајна незгода не треба да извршат увид, туку за расветлување и документирање на настанот потребно е да постапи друга организациска единица на министерството.

Постапувањето на полициските службеници при случена сообраќајна незгода, односно вршењето на увид на случена сообраќајна незгода е уредено со повеќе прописи меѓу кои Законот за полиција, Законот за кривична постапка, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Правилникот за начинот на вршење на полициските работи и други прописи. Овластувањето за вршење на увид на случена сообраќајна незгода е уредено со членовите 218 и 220 од ЗБСП.

Во однос на постапката, по примање на пријава за случено кривично дело/прекршок или друга појава или настан, полицискиот службеник согласно членот 62 од Законот за полиција, излегува на местото на настанот и со цел да се изврши непосредно забележување, утврдување или разјаснување на фактите, е должен да го обезбеди местото на настанот до доаѓање на службените лица од надлежниот државен орган, истото да го прегледа заради откривање и обезбедување траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ, пронаоѓање на сторител, како и прибирање известувања во врска со кривичното дело, прекршокот или настанот.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Полицискиот службеник е должен да преземе соодветни мерки и активности за неодложно укажување помош на настраданите лица и отстранување на последиците од кривичното дело, прекршокот или настанот.

Полицискиот службеник врши увид на местото на настанот во случаи определени со закон.

По комплетирањето на службениот материјал сочинет од полициските службеници на местото на настанот и во конкретниот случај по добивањето на медицинската документација со која се потврдува дека оштетениот се здобил со тешка телесна повреда, а истата е последица на дејствието на осомничениот, согласно членот 282 и членот 283 од Законот за кривична постапка составува кривична пријава за сторено кривично дело предвидено и казниво по член 131 од Кривичниот законик на РСМ, и без одлагање ја доставува до надлежниот јавен обвинител кој понатаму дава насоки и наредби за водењето на постапката. Со пријавата се доставуваат и предмети, скици, фотографии, списи за преземени дејствија, службени белешки, изјави и другиот материјал што може да биде корисен за успешно водење на постапката.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Одделот за униформирана полиција при Бирото за јавна безбедност, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Анѓеловски**